# РЕГУЛАТИВИ

## РЕГУЛАТИВА (ЕУ) 2023/1782 НА СОВЕТОТ

**од 25 јули 2023 година**

**за дополнување и изменување на Регулативата (ЕУ) 2021/2085 за основање заеднички претпријатија во рамките на програмата „Хоризонт Европа“, во однос на Заедничкото претпријатие за чипови**

**(текст со важност за ЕЕО)**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската Унија, а особено член 187 и член 188, првиот став од истиот,

имајќи го превид предлогот на Европската комисија,

имајќи го предвид мислењето на Европскиот парламент ([1]),

имајќи го предвид мислењето на Европскиот економско-социјален комитет ([2]),

со оглед на тоа што:

(1) Регулатива (ЕУ) 2021/2085 ([3]) на Советот за основање на заеднички претпријатија според Рамковната програма за истражување и иновации „Хоризонт Европа“, утврдена во Регулативата (ЕУ) 2021/695 на Европскиот парламент и на Советот ([4]) („Хоризонт Европа“), вклучувајќи го и Заедничкото претпријатие за клучни дигитални технологии.

(2) Заедничкото претпријатие за клучни дигитални технологии се однесува на јасно дефинираните теми кои на европски компаниите им овозможуваат во поширока смисла да дизајнираат, произведуваат и да користат најиновативни технологии за електронски составни делови и системи.

(3) Регулатива (ЕУ) 2023/1781 на Европскиот парламент и на Советот ([5]) воспоставува рамка за зголемување на отпорноста на Унијата во областа на технологиите за полупроводници, за

---

(1) Мислење од 15 февруари 2023 година (сè уште не е објавено во Службениот весник).
(2) Сл. весник C 365, 23.9.2022 година, стр. 40.
(3) Регулатива (ЕУ) 2021/2085 на Советот од 19 ноември 2021 година за основање заеднички претпријатија во рамките на програмата „Хоризонт Европа“ и за укинување на Регулативите (ЕЗ) бр. 219/2007, (ЕУ) бр. 557/2014, (ЕУ) бр. 558/214, (ЕУ) бр. 559/2014, (ЕУ) бр. 560/2014, (ЕУ) бр. 561/2014 и (ЕУ) бр. 642/2014 Сл. весник C 427, 30.11.2021 година, стр. 17).
(4) Регулатива (ЕУ) 2021/695 на Европскиот парламент и на Советот од 28 април 2021 година за воспоставување на Рамковната програма за истражување и иновации на програмата „Хоризонт Европа“, за утврдување на правилата за учество и дисеминација на резултатите и за укинување на Регулативите (ЕУ) бр. 1290/2013 и (ЕУ) Бр. 1291/2013 (Сл. весник L 170, 12.5.2021 година, стр. 1).
(5) Регулатива (ЕУ) 2023/1781 на Европскиот парламент и на Советот од 13 септември 2023 година за воспоставување рамка на мерки за зајакнување на европскиот екосистем на полупроводници и за

зајакнување на екосистемот на Унијата во однос на полупроводници преку намалување на зависноста, зајакнување на дигиталниот суверенитет, стимулирање на инвестиции, зајакнување на способноста, обезбедувањето, приспособливоста и отпорноста на синџирот за снабдување со полупроводници на Унијата и подобрување на соработката помеѓу земјите-членки, Комисијата и меѓународните стратешки партнери. Со цел да се создадат услови неопходни за зајакнување на капацитетот на Унијата за индустриски иновации, Регулативата ја воспостави иницијативата „Чипови за Европа“ („Иницијатива“). За да се гарантира доследно спроведување на Иницијативата, Европскиот одбор за полупроводници што е формиран со член 28 од таа Регулатива, потребно е да го советува одборот на јавни органи што е основан со член 131 од Регулативата (ЕУ) 2021/2085.

(4) Активностите поддржани во рамките на Иницијативата треба да се финансираат од програмата Хоризонт Европа и од програмата Дигитална Европа воспоставени со Регулативата (ЕУ) 2021/694 на Европскиот парламент и на Советот ([6]) и треба да се спроведат во согласност со правилата на овие програми.

(5) Иницијативата има за цел да ја зголеми конкурентноста и капацитетот на технолошката и индустриската база на полупроводници, а во исто време да доведе до зајакнување на иновативните капацитети на екосистемите на полупроводници низ Унијата, намалување на зависноста од ограничениот број на компании од трети земји и од географско позиционирање како и подобрување на дизајнот и производството, пакувањето, повторна употреба и рециклирање на напредни полупроводници. Иницијативата треба да ги поддржи овие цели со премостување на јазот помеѓу напредните истражувачки и иновациски способности на Унијата и нивната индустриска експлоатација. Иницијативата би требало да промовира градење на капацитети за да се овозможи проектирање, производство и интеграција на системите во областа на технологиите на полупроводници од следната генерација и подобрување на соработката помеѓу клучните играчи низ Унијата, зајакнување на ланецот на снабдување со полупроводници и нивната вредност во Унијата, подобрување на клучните индустриски сектори и создавање на нови пазари.

(6) Оперативните цели на Иницијативата наведени во точките од (а) до (г) од член 4(2), од Регулативата (ЕУ) 2023/1781 („оперативни цели од 1 до 4“) треба да се спроведуваат преку активности што треба да се засноваат на солидна база на познавање што е добиена од Заедничкото претпријатие ECSEL основано со Регулативата (ЕУ) бр. 561/2014 ([7]), што го замени Заедничкото претпријатие за клучни дигитални технологии. Заедничкото претпријатие за клучни дигитални технологии треба да се преименува во Заедничко претпријатие за чипови и да има за задача со помош на инструменти или процедури предвидени во програмата „Хоризонт Европа„ или во програмата „Дигитална Европа“, со финансиска поддршката за акциите што се финансирани во рамките на Иницијативата, истото заедно и да го спроведе.

---

изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) 2021/694 (Закон за чипови) (Сл. весник L 229, 18.9.2023 година, стр. 1.).

[6] Регулатива (ЕУ) 2021/694 на Европскиот парламент и на Советот од 29 април 2021 година за воспоставување на Програмата за дигитална Европа како и за укинување на Одлука (ЕУ) 2015/2240 (Сл. весник L 166, 11.5.2021 година, стр. 1).

[7] Регулатива (ЕУ) бр. 561/2014 на Советот од 6 мај 2014 година за основање на заедничкото претпријатие ECSEL (Сл. весник L 169, 7.6.2014 година, стр. 152).

За време на постоењето на Заедничкото претпријатие за чипови, за Иницијативата треба да се распределат до 2.875 милиони. Од оваа сума, 1,450 милијарди евра треба да бидат наменети за активности поврзани со градење на капацитети што се однесуваат на оперативните цели од 1 до 4 и 1,450 милијарди евра треба да бидат за активностите поврзани со испитувањето и иновациите поврзани со оперативните цели од 1 до 4. Понатаму, 1,3 милијарди евра треба да се распределат за активности поврзани со истражувањето и иновациите што не се опфатени со Иницијативата.

(7) Активностите што ги финансира Заедничкото претпријатие за чипови треба да бидат опфатени со единствена работна програма, што би требало да биде усвоена од страна на Управниот одбор на Заедничкото претпријатие за чипови основано во согласност со член 14(1) од Регулативата (ЕУ) 2021/2085 („Управен одбор“). Работната програма треба да содржи два специфични дела. Првиот специфичен дел треба да вклучува потточка за активностите поврзани со градење на капацитет што се однесува на оперативните цели од 1 до 4 и потточка за активностите поврзани со истражувањата и иновациите поврзани со оперативните цели од 1 до 4. Вториот специфичен дел треба да биде наменет за активности поврзани со истражување и иновации што не се опфатени со Иницијативата.

(8) Сите активности поврзани со истражувањето и иновациите, вклучително и оние поврзани со Иницијативата, треба да се финансираат во рамките на програмата „Хоризонт Европа“ за спроведување на стратешката агенда за истражување и иновации, како што е дефинирано во точката (12) од член 2 од Регулативата (ЕУ) 2021/2085. Исто така е потребно да се финансира под дел посветен на активностите за градење капацитети од програмата „Дигитална Европа“.

(9) Работната програма треба ги вклучува условите за пристап до јавно финансирана инфраструктура, како што се капацитетите за тестирање и центрите за компетентност, да обезбеди отвореност за широк опсег на корисници и да овозможи пристап до големите претпријатија на транспарентна и недискриминаторска основа и според пазарните услови, или врз основа на зголемување на платежната стапка во разумна рамка, вклучувајќи повластен пристап или намалени цени за малите и средни претпријатија („SME“) и академските институции.

(10) Пред да ја подготви програмата за работа, одборот на јавните органи, земајќи ги предвид советите на приватните членови, обезбедува индустриската релевантност на активностите идентификувани во работната програма и, каде што е соодветно, и советите на Европскиот одбор за полупроводници и повратни информации од засегнати страни што придонесуваат со своите информации, за да развие шема на специфичните делови и релевантни под делови, вклучувајќи ги и своите соодветни проценки на расходите. За таа цел, одборот на јавните органи треба да ги вклучи само Комисијата и земјите-членки. Последователно, врз основа на оваа шема и стратешката програма за истражување и иновација, извршниот директор на Заедничкото претпријатие за чипови треба да подготви програма за работа за двата конкретни дела и за соодветните под оддели и за нивните соодветни проценки на расходите.

(11) Во подготовката на програмата за работа и соодветните дискусии треба да учествуваат сите претставници на Управниот одбор и да ги добиваат потребните информации. Кога Управниот одбор ја усвојува работната програма, правата на глас за под делот поврзан со активностите за градење капацитети, во рамките на посебен дел од програмата за работа наменет за спроведување на Иницијативата, треба да биде ограничен само на Комисијата и на земјите-

членки. За под одделот за активности поврзани со истражување и иновации во рамките на конкретен дел од работната програма посветена на спроведувањето на Иницијативата, Комисијата и земјите-членки треба да имаат по 45% од гласовите, а приватните членови 10%. Права на глас за посебниот дел од програмата за работа наменет за активности поврзани со истражување и иновации што не се опфатени со Иницијативата треба да бидат подеднакво споделени помеѓу Комисијата, државите-учеснички и приватните членови. Доколку не може да се донесе одлука за еден од двата дела на работната програма, таа треба да се усвои вклучувајќи го само оној дел за кој е донесена позитивна одлука.

(12) Одборот на јавните органи треба да биде одговорен за изборот на предлозите. За избор на предлози поврзани со имплементацијата на Иницијативата, одборот на јавните органи треба да ги вклучи само Комисијата и земјите-членки.

(13) Повиците за предлози во рамките на Иницијативата треба да бидат отворени за различни правни форми на соработка и други учесниците, а изборот на предлози за финансирање не треба да се заснова на одредена правна форма на соработка. Со цел да се олесни спроведувањето на конкретни активности на Иницијативата, како што се платформи за проектирање или пилот линии, може да биде воспостави Европски конзорциум за инфраструктура за чипови (ECIC) во согласност со член 7 од Регулативата (ЕУ) 2023/1781. ECIC треба да вклучи учество на најмалку три членки, т.е. земји-членки или јавни или приватни правни ентитети од најмалку три земји-членки или комбинација од нив, со цел да се постигне широка застапеност во Унијата.

(14) Имајќи предвид дека активностите поддржани во рамките на Иницијативата и спроведени од Заедничкото претпријатие за чипови финансирано од програмите „Хоризонт Европа“ и „Дигитална Европа“, финансискиот придонес на Унијата во заедничката компанијата за чипови треба соодветно да се зголеми. Административни трошоци на Заедничкото претпријатие Чипс за чипови исто така треба да се зголемат во согласност со зголемувањето на оперативните задачи. Земјите-учеснички не треба да дополнително да допринесуваат во административни трошоци. Приватните членови не треба дополнителни да допринесуваат во административни трошоци на Заедничкото претпријатие за чипови со оглед на тоа што нивни гласачки права во делот од програмата за работа посветен на Иницијативите се намалени и ограничени на активности поврзани со истражување и иновации.

(15) По исклучок, на земјите-учеснички треба да им се дозволи да известуваат за финансиските придонеси направени од 8 февруари 2022 година, под услов релевантните национални активности да се во согласност со оваа Регулатива и со цел да се подобрат постојните и да се развијат нови напредни пилот линии низ Унијата, имајќи предвид дека некои земји-учеснички започнаа со спроведување на овие активности за градење капацитети откако Комисијата го презентираше предлогот за Регулатива (ЕУ) 2023/1781 поради политичката итност да се одговори на сериозноста на кризата со чипови. Трошоците за овие активности треба да бидат прифатливи под одредени услови, особено под услов Заедничкото претпријатие за чипови да оценува и да избира предлози.

(16) Обезбедувањето финансиска поддршка за активностите во рамките на DEP треба да биде во согласност со Регулативата (ЕУ) 2021/694.

(17) Бидејќи целта на оваа регулатива, т.е. основањето на Заедничкото претпријатие за чипови, не може задоволително да се постигне со земјите-членки, туку поради нејзиниот обем и влијание, може подобро да се постигнат на ниво на Унијата, Унијата може да донесе мерки во согласност со принципот на супсидијарност како што е утврдено во член 5 од Договорот за Европската Унија. Во согласност со принципот на пропорционалност, како што е наведено во тој член, оваа регулатива не оди над она што е неопходно за да се постигне таа цел.

(18) Затоа Регулативата (ЕУ) 2021/2085 треба соодветно да се измени и дополни.

(19) За да се овозможи што поскоро започнување на спроведувањето на оваа регулатива и за да се постигнат нејзините цели, оваа регулатива треба да веднаш да стапи во сила,

ЈА ДОНЕСЕ СЛЕДНАТА РЕГУЛАТИВА:

*Член 1*

Регулативата (ЕУ) 2021/2085 се изменува и дополнува како што следува:

(1) Во целата регулатива, зборовите „Заедничкото претпријатие за клучни дигитални технологии“ се заменува со зборовите „Заедничко претпријатие за чипови“

(2) точките 2, 3 и 4 од член 2 се заменуваат со следново:

„2. член основач“ е секој правен субјект со седиште во земја членка, поврзана земја на „Хоризонт Европа“, или каде што е применливо, поврзано со DEP, или меѓународна организација за која во оваа регулатива или во еден од нејзините Анекси е утврдено дека е членка на заедничкото претпријатие;

3. „поврзан член“ е секој правен субјект со седиште во земја членка, поврзана земја со „Хоризонт Европа“, или каде што е применливо, поврзано со DEP, или меѓународна организација којшто пристапува кон заедничко претпријатие со потпишување изјава за преземање обврска во согласност со член 6(3) и предмет на одобрување во согласност со член 7;

4. „земја учесничка“ е секоја земја членка или поврзана земја со „Хоризонт Европа“ или, каде што е применливо, поврзано со DEP, или по достава на известување за нејзиното учество во активностите на релевантното заедничко претпријатие по пат на изјава за преземање обврска;“;

(3) став 3 од член 3 се заменува со следново:

„3. За да се земе предвид периодот на времетраење на „Хоризонт Европа“, и каде што е применливо, DEP, повиците за поднесување предлози во рамките на заедничкото претпријатие треба да се објават најдоцна до 31 декември 2027 година. Во соодветно оправдани случаи, повиците за поднесување предлози може да се објават до 31 декември 2028 година, но не подоцна од тоа.“;

(4) во член 4(1) се додава следниов под став:

„Заедничкото претпријатие за чипови исто така придонесува и за општата цел утврдена во член 4(1) од Регулативата (ЕУ) 2023/1781 на Европскиот парламент и на Советот (*), во точките од (а) до (г) од член 4(2), од Регулативата (ЕУ) 2023/1781 („оперативни цели од 1 до 4“) и општите цели на DEP наведени во член 3(1) од Регулативата (ЕУ) 2021/694“. “;

_________

(*) Регулатива (ЕУ) 2023/1781 на Европскиот парламент и на Советот од 13 септември 2023 година за воспоставување рамка на мерки за зајакнување на европскиот екосистем на полупроводници и за изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) 2021/694 (Закон за чипови) (Сл. весник L 229, 18.9.2023 година, стр. 1.).

(5) во член 10, ставовите 2 и 3 се заменуваат со следново:

„2. Износот на придонесот на Унијата наведен во Дел два може да се зголеми со придонесите од трети поврзани земји на „Хоризонт Европа“ во согласност со член 16(5) од Регулативата за „Хоризонт Европа“ и каде што е применливо, поврзано со DEP, во согласност со точката (г) од член 10(1) кон Регулативата (ЕУ) 2021/694, под услов вкупниот износ за кој е зголемен придонесот на Унијата да е барем еднаков на придонесот на членовите коишто не се Унијата, или нивните составни или придружни субјекти.

3. Придонесот на Унијата се плаќа од одобрените средства во општиот буџет на Унијата коишто се доделени на посебната програма за спроведување на „Хоризонт Европа“ и, каде што е применливо, поврзано со DEP, во согласност со член 62(1), точка (в)(iv) и член 154 од Регулативата (ЕУ, Евроатом) 2018/1046 во случај на телата од член 71 од таа регулатива. “;

(6) во член 12(1), вториот и третиот под став се заменуваат со следново:

„Покрај критериумите утврдени во член 22 од Регулативата за „Хоризонт Европа“, или во случај на Заедничкото претпријатие за чипови, во член 18 од Регулативата (ЕУ) 2021/694, работната програма може да ги вклучува, како анекс, критериумите за прифатливост во однос на националните правни субјекти.

Секоја земја учесничка му ја поверува на заедничкото претпријатие оцената на предлозите во согласност со Регулативата за „Хоризонт Европа“ и каде е применливо кон Регулативата (ЕУ) 2021/693.“;

(7) во член 29, став 2 се заменуваат со следново:

„2. Финансиските обврски на заедничкото претпријатие наведени во член 3(1), точки (б), (г), (е) и (ж) може да се поделат на годишни рати. До 31 декември 2024 година, кумулативниот износ од тие буџетски обврски во рати нема да надминуваат 50 % од максималниот придонес од Унијата утврден во член 10. Од јануари 2025 година, најмалку 20 % од кумулативниот буџет од преостанатите години нема да се покрива со годишни рати.“;

(8) член 126 се изменува и дополнува како што следува:

(а) став 1 се заменуваат со следново:

(i) точката (б) се заменува со следново:

„(б) утврдување на научната извонредност и водството за иновации на Унијата во новите компоненти и системски технологии, вклучително активности поврзани со

пониски нивоа на технолошка подготвеност и унапредување на активната вклученост на SME што, за сите активности поврзани со истражување и иновации, вклучувајќи ги оние поврзани со Иницијатива „Чипови за Европа“ во воспоставена во Регулативата 2023/1781, застапуваат најмалку една третина од вкупниот број учесници во индиректните активности и најмалку 20 % од јавното финансирање треба да одат кај нив; “;

(ii) се додава следнава точка:

„(г) постигнување на технолошки капацитети од големи размери и поддршка за сродните активности поврзани со истражувањето и иновациите преку синџирот на вредност на полупроводниците во Унијата за да се овозможи развој и воведување на најсовремени технологии за полупроводници, технологии од следната генерација што се однесуваат на полупроводниците и најсовремени квантни технологии и иновации во однос на воспоставените технологии, и со самото тоа зајакнување на способноста на Унијата за напреден дизајн, системска интеграција и производство на чипови, зголемувајќи ја конкурентност на Унијата; и самото тоа придонесувајќи во постигнување на зелена и дигитална транзиција, особено преку намалување на влијанието на електронски системи врз климата, подобрување на одржливоста на чиповите од следната генерација и зајакнување на процесите поврзани со циркуларна економија, придонесувајќи кон квалитетни работни места во екосистемот на полупроводници и земајќи ги предвид принципите на интегрирана безбедност кои обезбедуваат заштита од закани по сајбер безбедноста.“;

(б) во став 2 се додаваат следниве точки:

„(е) изградба на напредни дизајнерски капацитети за интегрирани полуспроводнички технологии;

(ж) подобрување на постојните и развој на нови напредни пилот линии низ Унијата за да се овозможи развој и распоредување на врвни технологии за полупроводници и технологии за полупроводници од следната генерација;

(з) изградба на напредни технолошки и инженерски капацитети за да се забрза иновативниот развој на најсовремените квантни чипови и сродни полуспроводнички технологии;

(ѕ) воспоставување на мрежа на стручни центри низ Унијата, преку подобрување на постојните или отворање на нови објекти.“;

(9) член 128 се заменуваат со следново:

„*Член 128*

**Финансиски придонес на Унијата**

1. Финансискиот придонес на Унијата кон Заедничкото претпријатие за чипови, вклучително и одобрените средства на ЕЕО, се до 4.175.000.000 ЕУР, вклучително и до 62.287.000 ЕУР за административни трошоци што се распределуваат на следниов начин:

(а) до 2 725 000 000 евра од „Хоризонт Европа“;

(б) до 1 450 000 000 евра од „Дигитална Европа“.

2. Финансискиот придонес на Унијата од точка (а) од став 1 на овој член се користи за поддршка на Заедничкото претпријатие за чипови, а се со цел да се обезбеди финансиска поддршка за индиректни акции, како што е дефинирано во точката 43 од член 2 од Регулативата за „Хоризонт Европа“, што одговараат на активностите поврзани со истражувањето и иновациите на Заедничкото претпријатие за чипови, вклучувајќи ги и другите активности поврзани со истражувањето и иновативни активности во однос на оперативните цели од 1 до 4.

3. Финансискиот придонес на Унијата наведен во став 1(б) се користи за активности за градење на капацитети на оперативните цели од 1 до 4.

4. Финансискиот придонес на Унијата наведен во став 1(б) не надминува 50% од вкупните трошоци на активностите поврзани со подигнување на капацитетите.

5. Пристап до капацитетите што произлегуваат од спроведувањето на оперативните цели од 1 до 4 од страна на Заедничкото претпријатие за чиповите се отворени за широк опсег на корисници низ Унијата и се одобрени на транспарентна и недискриминаторска основа што е директно пропорционална на финансискиот придонес на Унијата во вкупните трошоци на тие активности.“;

(10) во член 129, ставовите 3 и 4 се заменуваат со следново:

„3. По пат на отстапување од член 28(4), приватните членови даваат или организираат нивните составни или придружни субјекти да дадат вкупен придонес од 26.331.000 ЕУР за административни трошоци на Заедничкото претпријатие за чипови. Поделбата на целосниот придонес на годишна основа за административни трошоци на Заедничкото претпријатие за чипови е 30%.

4. Придонесите наведени во став 1 од овој член се состојат од придонесите утврдени во член 11(3). Трошоците за поврзани активности може да се сметаат за прифатливи од тој датум, дури и ако се направени пред да се поднесе барање за грант, под услов да се исполнети сите од следниве услови:

(а) активностите да се во согласност со оваа регулатива;

(б) активностите да придонесуваат кон целта наведена во член 126(2)(ж) и поврзаните трошоци што настанале од капитални расходи;

(в) Заедничкото претпријатие за чипови ги оценува и избира барањата за грант во согласност со член 12(1);

(г) активностите продолжуваат да се спроведуваат во моментот на доделувањето на грантот;

(д) придонесот на државата учесничка поврзана со овие трошоци нема да се земе предвид за целите на пресметување на гласачките права на државите учеснички наведени во членовите 133(2), 133(3) и член 136(1);

(ѓ) придонесот на државата учесничка поврзана со овие трошоци да не надминува 25% од вкупниот финансиски придонес како и на таа држава учесничка што е предвидена за активности со кои се придонесува кон целта наведена во точката (ж) од член 126(2).

5. Придонесите од став 2 на овој член се состојат од придонесите утврдени во член 11(1), вклучувајќи најмалку 90 % од придонесите утврдени во член 11(1)(а).“;

(11) во член 133 се додава следниов став:

„3.а. По пат на отстапување од став 1, Управниот одбор ги вклучува само Комисијата и земјите-членки при гласањето за под делот за активности за градење капацитети од конкретниот дел од програмата за работа посветен на спроведувањето на иницијативата „Чипови за Европа“. Комисијата има 50% од избирачките права. За под одделот за активностите поврзани со истражувањето и иновациите, Комисијата и земјите-членки имаат специфичен дел од работната програма посветена на спроведувањето на иницијативата „Чипови за Европа“, Комисијата и земјите – членки поседуваат по 45% од избирачките права, а приватните членови 10%. Ставовите 2 и 3 се применуваат врз *mutatis mutandis* за гласачките права на земјите-членки. Во подготовката на овој посебен дел од програмата за работа учествуваат сите претставници од Управниот одбор.“;

(12)Се додава следниов член:

„*Член 133а*

**Правила што важат за активностите финансирани во рамките на Програмата за дигитална Европа (DEP)**

1. Во дополнение на член 24(2), Регулативата (ЕУ) 2021/694 се применува врз активностите финансирани од Заедничкото претпријатие за чипови во рамките на DEP.

2. Програмата за работа и повиците за предлози на Заедничкото претпријатие за чипови се објавуваат на веб-страницата на DEP.

3. Заедничкото претпријатие за чипови врши *ex post* ревизија на расходите од активности финансирани од буџетот на DEP во согласност со член 27 од Регулативата (ЕУ) 2021/694.“;

(13)член 134 се заменуваат со следново:

„*Член 134*

**Ограничувања и услови за учество во одредени активности**

1. За активностите финансирани во рамките на „Хоризонт Европа“, по пат на отстапување од член 17(2)(л) од оваа регулатива, доколку Комисијата тоа го побара, по одобрение од одборот на јавните органи, учеството во одредени активности е ограничен во согласност со член 22(5) од Регулативата за „Хоризонт Европа“.

2. За активностите финансирани во рамките на DEP, доколку тоа го побара Комисијата, по одобрение од одборот на јавните органи, учеството во одредени активности е ограничено во согласност со член 12(6) и Член 18 од Регулативата (ЕУ) 2021/694.

3. Повици за предлози предвидени во конкретниот дел од програмата за работа посветена на „Чипови за Европа“ е отворена за различни правни форми на соработка и за други учесници. Избор на предлози за финансирање не се заснова на посебна правна форма на соработка. Активностите можат да ги вршат и правни лица кои соработуваат во рамките на конзорциумот структуриран во форма на Европски конзорциум за инфраструктура за чипови (ECIC) формиран во согласност со член 7 од Регулативата (ЕУ) 2023/1781. Во посебен дел од работната програма

посветена на иницијативата „Чипови за Европа“ се наведува дека ако ECIC аплицира за финансирање за одредена активност, во тој случај самиот ECIC, а не поединечните субјекти од кои што е составен, е барател.“;

(14)се додава следниов член:

*„Член 134а*

**Дополнителни задачи на извршниот директор**

По пат на отстапување од член 19(4)(в), извршниот директор на Заедничкото претпријатие за чипови ја подготвува работната програма за Заедничкото претпријатие за чипови врз основа на шемата подготвена од одборот на јавните органи, како што е наведено во член 137 (аа) и во програмата за стратешки истражувања и иновации и таа програма за работа ја доставува на усвојување до Управниот одбор.“;

(15)член 136 се изменува и дополнува како што следува:

(а) став 2 се заменува со следново:

„2.За потребите на ставовите (1) и (2) од член 134, одборот на јавните органи вклучува исклучиво земји членки. Став 1 од овој член се применува *mutatis mutandis*. “;

(б) се додава следниов став:

„За целите на член 137(аа) и за избор на предлози погодни за спроведување на иницијативата „Чипови за Европа“, според член 137(г), одборот на јавните органи ги вклучува исклучиво Комисијата и земјите-членки. Став 1 од овој член се применува *mutatis mutandis*.“;

(16)член 137 се изменува и дополнува како што следува:

(а) се додава следнава точка:

„(аа) пред да се подготви секоја програма за работа и да се земат предвид советите на приватните членови и, онаму каде што е соодветно, советите на Европскиот одбор за полупроводници формиран со член 28 од Регулативата (ЕУ) 2023/1781 и придонесот на други релевантните засегнати страни, изготвува преглед на два посебни дела од работната програма, вклучувајќи ја и релевантната проценки на расходите, од кои првиот вклучува под дел за активности за градење капацитети за оперативни целите од 1 до 4 и потсекција за истражувачки и иновативни активности поврзани со оперативните целите 1 до 4, вклучувајќи ги условите за пристап до јавно финансираната инфраструктура, а втората е наменета за активности поврзани со истражување и иновации што не се опфатени со иницијативата „Чипови за Европа“;

(б) точката (г) се заменува со следново:

„(г) ги избира предлозите во согласност со членовите 12(1) и 17(2) точка (п); “;

(в) се додава следнава точка:

„(ѓ) препорачува, доколку е потребно, ECIC да преземе корективни мерки, како што е измена на неговите статути, доколку земјата-членка го извести одборот на јавните органи откако ECIC одбие да го прифати новиот член без обезбедување на доволно причини за таквото одбивање врз основа на правични и разумни услови утврдени во неговиот статутот.“;

(17) член 141 се заменува со следново:

„*Член 141*

**Стапки на финансирање и правила за учество**

1. За индиректни активности финансирани во рамките на „Хоризонт Европа“, во согласност со член 17(2) од Регулатива за „Хоризонт Европа“ и по пат на отстапување од член 34 од таа Регулатива и за активности финансирани според DEP, Заедничкото претпријатие за чипови може да примени различни стапки на финансирање во однос на финансирањето на Унијата во рамките на активностите во зависност од видот на учесникот, особено SEM и непрофитни правни лица и видот на дејност. Стапките на финансирање се наведени во работната програма.

2. По исклучок од став 1 на овој член и член 34 од Регулативата за „Хоризонт Европа“, активностите поврзани со истражување и иновации до TRL 4 се финансирани од Унијата со 100% од вкупните прифатливи трошоци.

3. По пат на отстапување од член 22(2) од Регулативата za „Хоризонт Европа“ или член 18 од Регулативата (ЕУ) 2021/694, компетентен центар или единствено правно лице составено од најмалку три независни правни лица со дејност основана во најмалку три различни земји-учеснички, вклучително и најмалку една земја-членка, е подобно за учество на повици за предлози што се финансирани од Заедничкото претпријатие за чипови во согласност со член 134(4) од оваа регулатива, под услов ова отстапување да е соодветно оправдано во описот на релевантните теми во програмата за работа“.

*Член 2*

Оваа регулатива влегува во сила на третиот ден по денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија*.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји-членки.

Брисел, 25 јули 2023 година.

За Комисијата

Претседател

Л. ПЛАНАС ПУЦХАДЕС

-----------